**20251523355**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 177-б став (5) и член 177-ѕ став (10) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРИ НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА, СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И НЕГУВАТЕЛИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на полагање на стручниот испит за стекнување на лиценца за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негуватели во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст (во натамошниот текст: стручниот испит).

Член 2

Стручниот испит се спроведува согласно одредбите од членовите 117-б, 177-в, 177-г, 177-д, 177-ѓ, 177-е, 177-ж, 177-з, 177-ѕ, 177-и и 177-ј од Законот за заштита на децата.

Член 3

(1) Првиот дел на стручниот испит кој се полага писмено во хартиена форма, се полага на испечатен тест, на кој има печат од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

(2) На тестот од ставот (1) на овој член, се наведува име, презиме и видот на лиценца со која сака да се стекне кандидатот.

(3) Одговорите на тестот од ставот (1) на овој член, се даваат на начин што за секој одговор се заокружува само еден од понудените три одговори, со сино хемиско пенкало и не се користи молив, корективни лакови, превиткување на хартијата ниту ставање на други ознаки.

(4) Првиот дел од стручниот испит, се состои од 20 прашања, кои се вреднуваат со поени.

(5) Кандидатот на првиот дел од стручниот испит од ставот (1) на овој член, може да освои вкупно 60 поени.

(6) Се смета дека првиот дел од стручниот испит е положен, доколку кандидатот постигнал најмалку 70% од вкупниот број поени, односно постигнал најмалку 42 поени.

(7) По завршувањето на полагањето на првиот дел од стручниот испит, пополнетите хартиени тестови на кандидатите се проверуваат од страна на Комисијата за лиценцирање врз основа на клуч со точни одговори, изготвен од страна на Комисијата за лиценцирање.

(8) Резултатите од проверените тестови на кои се полага првиот дел од стручниот испит, се објавуваат на веб-страницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади, најдоцна пет дена по завршувањето на полагањето на првиот дел од стручниот испит.

(9) Само кандидатот кој го положил првиот дел од стручниот испит согласно став (6) на овој член, може да го полага вториот дел од стручниот испит.

(10) Вториот дел од стручниот испит се одржува најмалку три дена од денот на објавувањето на резултатите од првиот дел од стручниот испит.

(11) Вториот дел од стручниот испит кој се полага писмено во хартиена форма, се полага на испечатен тест, на кој има печат од Министерството за социјална политика, демографија и млади и на истиот се наведува име, презиме и вид на лиценца со која сака да се стекне кандидатот.

(12) Вториот дел од стручниот испит, се состои од студии на случај и пет прашања во врска со студијата на случај.

(13) Прашањата од студијата на случај, зависно од тежината, се вреднуваат со поени, одговорите се даваат на начин што за секој одговор се заокружува само еден од понудените пет одговори за секое прашање од студиите на случај, со сино хемиско пенкало и не се користи молив, корективни лакови, превиткување на хартијата ниту ставање на други ознаки.

(14) По завршувањето на полагањето на вториот дел од стручниот испит, пополнетите хартиени тестови од спроведениот испит, се проверуваат од страна на Комисијата за лиценцирање врз основа на клуч со точни одговори изготвен од страна на Комисијата за лиценцирање.

(15) Кандидатот на вториот дел од стручниот испит од ставот (12) на овој член, може да освои вкупно 40 поени.

(16) Се смета дека вториот дел од стручниот испитот го положил кандидатот кој со точни одговори на прашањата од студијата на случај постигнал најмалку 70% од вкупниот број поени, односно постигнал најмалку 28 поени.

(17) Резултатите од проверените тестови на кои се полага вториот дел од стручниот испит, се објавуваат на веб-страницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади најдоцна пет дена по завршувањето на полагањето на вториот дел од стручниот испит.

Член 4

Одредбите од член 3 од овој правилник, ќе се применуваат до 1 јануари 2026 година.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11-5244/2
23 јули 2025 година
Скопје

Министер за социјална
политика, демографија и млади,
**Фатмир Лимани,** с.р.